**ИНСТИТУТ ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**www.iph.mk**

Ул. “50 Дивизија” бр.6, 1000 СКОПЈЕ

Тел:  02 3 125 044, 3 223 033; Фах: 02 3 223 354

**ОДДЕЛ ЗА ЕПИДЕМИОЛОГИЈА НА ЗАРАЗНИ ЗАБОЛУВАЊА**


# Б И Л Т Е Н

за движењето на акутните заразни заболувања во Република Северна Македонија
во месец **н о е м в р и, 2025**




**Скопје, 15.12.2025**

**Содржина:**

*ПРЕГЛЕД НА АКУТНИТЕ ЗАРАЗНИ ЗАБОЛУВАЊА ВО НОЕМВРИ, 2025 година* ................ *3*

*ХИВ/СИДА И ДРУГИ СЕКСУАЛНО ПРЕНОСЛИВИ ИНФЕКЦИИ* ......................................... *5*

*ВАКЦИНО-ПРЕВЕНТАБИЛНИ ЗАБОЛУВАЊА*.................................................................. *5*

*СОСТОЈБАТА СО КОВИД-19 ВО Р.С. МАКЕДОНИЈА* ........................................................ *5*

*ЕПИДЕМИИ*......................................................................................................... *5*

*СМРТНИ СЛУЧАИ*.................................................................................................. *6*

*ГРИП* ................................................................................................................. *6*

*ЛАБОРАТОРИСКИ ИЗОЛИРАНИ ИЛИ НА ДРУГ НАЧИН ДОКАЖАНИ ПРИЧИНИТЕЛИ НА ЗАРАЗНИ ЗАБОЛУВАЊА И РЕЗИСТЕНЦИЈА НА АНТИБИОТИЦИ*...................................... *6*

*БОЛЕСТИ КОИ СЕ РЕГИСТРИРААТ КАЈ СТРАНСКИ ДРЖАВЈАНИ* ...................................... *7*

## *ПРЕГЛЕД НА АКУТНИТЕ ЗАРАЗНИ ЗАБОЛУВАЊА ВО НОЕМВРИ, 2025 година*

Во текот на месец ноември 2025 година, во Р.С. Македонија, пријавени се вкупно 1.242 заболени лица од акутни заразни заболувања *(без COVID-19, грип, туберкулоза, СИДА, АФП и хронични носителства на хепатит Б, Ц и ХИВ)* со вкупна инциденца од 67,6 на 100.000 жители.

Во текот на месец ноември се бележи зголемување на вкупниот број на заболени лица за 29,2% во однос на претходниот месец, октомври 2025 (n=961). Во однос на аритметичката средина за периодот 2015–2024, се бележи намалување за 0,5% (n=1.248), а во однос на ноември 2024, се бележи зголемување за 47,5% (n=842). (Графикон 1)

Во вкупниот број на заболени во 2025 година, регистрираните случаи во месец ноември учествуваат со 12,5%. Кумулативниот број на пријавените случаи во 2025 (n=9.943) е за 21,2% помал во однос на кумулативата за истиот период во 2024 година (n=12.622).

***<u>Графикон 1</u>: Број на заболени од заразни болести по месеци во 2025 и аритметичка средина за 2015-2024***




Најголем број акутни заразни заболувања на ниво на ЦЈЗ е пријавен на територија на ЦЈЗ Скопје (n=619; 49,8%), а најмал број е пријавен во ЦЈЗ Охрид (n=23; 1,9%). *(Графикон 2)*

Највисока инциденца на 100.000 жители на ниво на ЦЈЗ се регистрира на територијата на ЦЈЗ Скопје (I=102,0/100.000), а најниска инциденца во ЦЈЗ Тетово (I=12,7/100.000). *(Графикон 2)*

Највисока инциденца на 100.000 жители на ниво на ПЕ е регистрирана на територијата на Крушево (I=429,3/100.000).

Три ПЕ не доставија пријави за заразни болести од територијата која ја покриваат (Делчево, Дебар и Валандово). (Табела 1 во Прилог, Картограм)

***<u>Графикон 2</u>: Број на пријавени и инциденца од акутни заразни заболувања по ЦЈЗ во ноември, 2025***




***Десетте најчесто пријавувани акутни заразни заболувања*** во ноември учествуваат со 98,7% во вкупниот број на заболени во месецот и бележат инциденца од 66,7/100.000 жители. *(Табела 1)*

***<u>Табела 1</u>: Десет најчесто пријавувани акутни заразни заболувања во ноември, 2025***

| Заболување | Број | I/100.000 |
|---|---|---|
| Овчи сипаници | 808 | 44,0 |
| Ентероколитиси | 257 | 14,0 |
| Бактериски алиметарни инфекции и интоксикации | 53 | 2,9 |
| Шуга | 48 | 2,6 |
| Салмонелози | 23 | 1,3 |
| Инфективна мононуклеоза | 13 | 0,7 |
| Легионерска болест | 8 | 0,4 |
| Скарлатина | 6 | 0,3 |
| Вирусен хепатитис Б | 5 | 0,3 |
| Кампилобактериоза | 5 | 0,3 |
| ***Вкупно*** | ***1226*** | **66,7** |

***Првите две најчести заразни заболувања*** (овчи сипаници и ентероколитиси, n=1.065) учествуваат со 85,7% во вкупниот број на заболени, а со 86,9% во десетте најчесто пријавени акутни заразни заболувања во месец ноември 2025 година.

Во текот на ноември, **најчесто** регистрирано акутно заразно заболување се **овчите сипаници** со вкупно 808 пријавени лица. Тие во вкупниот број на заболени во месецот учествуваат со 65,1%, а во групата на десетте најчести заразни заболувања за овој месец учествуваат со 65,9%.

Во однос на претходниот месец октомври 2025 (n=533), се регистрира зголемување од 51,6% во бројот на пријавени лица од овчи сипаници. Во однос на месец ноември 2024 (n=395) се регистрира зголемување за два пати, а во однос на аритметичката средина (n=669) се регистрира зголемување за 20,8%.

Во вкупниот број на регистрирани овчи сипаници во 2025 (n=4.892), пријавените случаи во ноември учествуваат со 16,5%. Во вкупниот број на регистрирани акутни заразни заболувања во 2025 година (n=9.943), овчите сипаници учествуваат со 49,2%.

Кумулативниот број на заболени од овчи сипаници во 2025 (n=4.892) е за 21,4% помал во однос на кумулативата за истиот период во 2024 (n=6.221).

На второ место по број на пријавени заболени во месец ноември се **ентероколитисите**, со 257 случаи. Во вкупниот број на заболени во месецот учествуваат со 20,7%, а во групата на десетте најчести заразни заболувања за овој месец учествуваат со 21,0%.

Во однос на претходниот месец октомври 2025 (n=288), се регистрира намалување на бројот на заболени од ентероколити од 10,8%, и во однос на месец ноември 2024 (n=312) се регистрира намалување од 17,6%. Во однос на аритметичката средина (n=403) се регистрира намалување за 36,2%.

Во вкупниот број на регистрирани ентероколитиси во 2025 (n=3.560), пријавените случаи во ноември учествуваат со 7,2%. Во вкупниот број на регистрирани акутни заразни заболувања во 2025 година (n=9.943), ентероколитите учествуваат со 35,8%.

Кумулативниот број на пријавени ентероколитиси во 2025 (n=3.560) е намален за 5,8% во однос на кумулативата за истиот период во 2024 година (n=3.781).

Во однос на поделбата на **акутните заразни заболувања по групи,** во ноември, најголем број (n=837) припаѓаат на **капкови заболувања** (67,4%; I=45,6/100.000) *(Графикон 3)*. Од нив, најголем број, (n=808; 96,5%) и инциденца (I=44,0/100.000), се пријавите на овчи сипаници. Пријавени се и 13 случаи на инфективна мононуклеоза (I=0,7/100.000), 8 случаи на легионерска болест (I=0,4/100.000), 6 случаи на скарлатина и по еден случај на заразни заушки и голема кашлица.

Во месец ноември, пријавен е 341 случај (27,5% од вкупниот број на пријави) на заболени од групата на **цревни заболувања** *(Графикон 3),* со инциденца од 18,6/100.000. Од нив, најголем број (n=257; 75,4%) и инциденца (I=14,0/100.000) се пријавите за ентероколитиси. Во оваа група се пријавени, 53 случаи на бактериски алиментарни инфекции и интоксикации, (I=2,9/100.000), 23 случаи на салмонелози (I=1,3/100.000), 5 случаи на кампилобактериоза и 3 случаи на џардијаза.

Во групата на **останати акутни заразни** заболувања, во ноември е регистриран 51 случај (4,1%; I=2,8/100.000) (*Графикон 3*). Од нив, 48 се случаи на шуга (94,1%; I=2,6/100.000), и по еден случај на бактериски менингитис, токсоплазмоза и вирусен менингитис.

Во групата на **зоонози**, во месец ноември регистрирани се 4 случаи (0,3%; I=0,2/100.000), два случаи на ехинококоза и по еден случај на лајшманиоза и лајм борелиоза.

Во групата на **сексуално и крвно преносливи инфекции** *(без ХИВ/СИДА)* се регистрирани 9 заболени лица (0,7%; I=0,5/100.000) *(Графикон 3)* и тоа: пријавени се 5 случаи на вирусен хепатитис Б, 3 случаи на инфекција со хламидија и по еден случај на и вирусен хепатитис Ц. *(Графикон 3, Табела 1 во Прилог)*

***<u>Графикон 3</u>: Структура на заболени по групи на заболувања во ноември 2025***




## ***ХИВ/СИДА И ДРУГИ СЕКСУАЛНО ПРЕНОСЛИВИ ИНФЕКЦИИ***

Во текот на месец ноември, пристигнати се 2 пријави за новорегистрирани лица со ХИВ/СИДА.

Се работи за две машки лица од Скопје и Охрид на возраст од 20-24 и 45-49 години *(Табела 3 во Прилог)*. Во однос на веројатниот ризик за стекнување на ХИВ инфекција, едниот е припадник на МСМ популацијата, додека кај другиот патот на пренос на инфекцијата е непознат.

Пријавено е едно починато лице од СИДА (станува збор за истото лице кое е пријавено како заболено во ноември).

Согласно постоечката евиденција на пријавени случаи (заклучно со 30.11.2025), кумулативниот број на лица регистрирани со ХИВ/СИДА во Р. Северна Македонија, за периодот 1987–2025, изнесува 726 и тоа:

- 137 лица починале,
- 585 лица живеат со ХИВ/СИДА (4 лица се со непознат исход).

## ***ВАКЦИНО-ПРЕВЕНТАБИЛНИ ЗАБОЛУВАЊА***

Во однос на вакцино-превентабилните болести, во месец ноември 2025 регистрирани се 5 случаи на вирусен хепатитис Б и по еден случај на заразни заушки и голема кашлица, со инциденца од 0,38/100.000 жители. (*Табела 2 во Прилог*)

Регистрираните случаи на вирусен хепатитис Б, според возраста, не подлежат на имунизација согласно Календарот за задолжителна имунизација во РСМ и не се вакцинирани против оваа болест.

Регистриран е еден случај на заразни заушки (пријавен во октомври месец), кај дете на 3-годишна возраст од Кичево, вакцинирано со една доза на МРП вакцина. Случајот е клинички и лабораториски потврден.

Регистрираниот еден случај на голема кашлица е со место на живеење од Скопје (на 2-годишна возраст ), со примена една доза на вакцина која содржи компонента против голема кашлица. Случајот е лабораториски потврден.

## ***СОСТОЈБАТА СО КОВИД-19 ВО Р.С. МАКЕДОНИЈА***

Во текот на месец ноември, пријавени се вкупно 12 случаи на КОВИД-19, за разлика од месец октомври кога беа пријавени 70 случаи, а ист број на регистрирани случаи со месец ноември 2024 година.

Најголем број од случаите се регистрирани во Скопје (n=11) и еден случај од Битола. Во текот на месецот нема регистрирани починати лица асоцирани со КОВИД-19.

Од КОВИД-19 заболените, пријавени се позитивни од сите возрасни групи, а најголем број е регистриран кај возрасните групи од 0-9 и 60+ години.

Во лабораториите во кои се спроведува молекуларно и антигенско тестирање за присуство на SARS-CoV-2, во текот на месец ноември, тестирани се вкупно 729 материјали, за 16,6% помалку во однос на минатиот месец (n=874).

Од почетокот на пандемијата, заклучно со 30.11.2025, пријавени се вкупно 352.445 потврдени случаи на КОВИД-19 (I=19.188,9/100.000) и 10.007 смртни случаи (Mt= 544,8/100.000; CFR=2,8%).

## ***ЕПИДЕМИИ***

Во текот на месец ноември до Институтот за јавно здравје **пристигнати се 2 пријави за епидемии на заразно заболување**.

На 11.11.2025 година, ЦЈЗ Скопје пријави епидемија на Toxoinfectio alimentaris со 6 заболени лица, поврзана со фамилијарен собир. Не беа регистрирани хоспитализации. Во рамки на преземените мерки беа дадени препораки за строго придржување кон санитарно-хигиенските мерки при подготовка и манипулација со храна, со цел спречување на контаминација и појава на труење со храна, како и избегнување консумирање храна од нерегистрирани и неконтролирани производители. Епидемијата е одјавена на 14.11.2025 година.

На 27.11.2025 година, Центарот за јавно здравје Скопје пријави епидемија на алиментарна интоксикација/гастроентероколитис кај ученици во основно училиште во Скопје. Во рамки на епидемијата беа регистрирани 34 заболени лица, од кои 9 лица беа хоспитализирани.
Во текот на епидемиолошкиот увид беа земени примероци за микробиолошка анализа од жива и нежива средина, како и примероци од храна. И покрај спроведеното епидемиолошко истражување и лабораториските испитувања изворот на заразата и патот на пренесување не беа утврдени.
Беа преземени соодветни противепидемиски мерки од страна на надлежните институции (ЦЈЗ, ИЈЗ, АХВ, ДСЗИ). Епидемијата е одјавена на 02.12.2025 година.

### *СМРТНИ СЛУЧАИ*

Во текот на месец ноември, не се регистирани смртни случаи од акутно заразно заболување.

### *ГРИП*

Согласно извештајот на ERVISS за состојбата со респираторните вирусни инфекции во Европскиот регион на СЗО, заклучно со недела 48/2025, стапките на заболувања слични на грип (ИЛИ) и/или акутна респираторна инфекција (АРИ) е над почетната вредност кај приближно половина од земјите што известуваат. Ова укажува дека во моментов има значителна циркулација на респираторниот вирус во Европската Унија/Европската економска зона (ЕУ/ЕЕА).
SARS-CoV-2 продолжува да циркулира, но се намалува кај сите возрасни групи, а влијанието врз хоспитализациите во моментов е ограничено. Трендовите на циркулацијата на RSV, полека се зголемуваат и вредностите се моментално околу една недела подоцна од минатата сезона. Зголемувањата се видливи и во податоците од примарната здравствена заштита и во болничкиот надзор од неколку земји, при што претежно се погодени деца под пет години.

Во текот на ноември, во Република Северна Македонија на групни пријави за заболени од грип/ заболувања слични на грип, пријавени се вкупно 438 заболени лица (I=23,8/100.000). Од нив, најголем број на заболени е регистриран во ЦЈЗ Куманово (n=129), а највисока инциденца е регистрирана во ПЕ Гостивар (I=131,1/100.000).

Во Вирусолошката лабораторија на ИЈЗ од почетокот на сезоната 2025/2026 пристигнати се вкупно 215 хумани материјали од здравствените установи во државата и детектирани се 2 позитивни резултати на грип – Influenza A(H1)pdm09.

### *ЛАБОРАТОРИСКИ ИЗОЛИРАНИ ИЛИ НА ДРУГ НАЧИН ДОКАЖАНИ ПРИЧИНИТЕЛИ НА ЗАРАЗНИ ЗАБОЛУВАЊА И РЕЗИСТЕНЦИЈА НА АНТИБИОТИЦИ*

Во текот на ноември, 2025 година во ИЈЗ се пристигнати 829 *Пријави за изолиран-докажан причинител на заразна болест и резистенција на антибиотици (Табела 4 во прилог).*

Пријави се добиени од микробиолошките лаборатории од териториите на сите десет ЦЈЗ/ПЕ. Најголем број од пристигнатите пријави се од лабораториите кои се наоѓаат на територијата на ЦЈЗ Скопје (n=549; 66,2%), ЦЈЗ Куманово (n=86; 10,4%) и ЦЈЗ Битола (n=59; 7,1%). (*Табела 4 во Прилог)*.

Најчесто пријавувани причинители во месец ноември се: *MRSA (n=278; 33,5%), HPV (167; 20,1%)* и *Rota virus (n=37; 4,5%).*

Резистенција кон антибиотици е регистрирана кај вкупно 284 докажани микроорганизми и тоа: *Acinetobacter spp., E.coli, E.coli ESBL, Klebsiella spp., Klebsiella pneumoniae, Salmonella spp., Staphylococcus aureus –meticilin rezistenten (MRSA).*

Во однос на лабораториите кои пријавуваат резистенција, пристигнати се пријави од микробиолошките лаборатории на територијата на ЦЈЗ Скопје, ЦЈЗ Куманово, ЦЈЗ Битола, ЦЈЗ Штип, ЦЈЗ Тетово, ЦЈЗ Прилеп, ЦЈЗ Кочани, ЦЈЗ Охрид, ЦЈЗ Струмица, ПЕ Кичево и ЦЈЗ Велес.

## ***БОЛЕСТИ КОИ СЕ РЕГИСТРИРААТ КАЈ СТРАНСКИ ДРЖАВЈАНИ***

Во текот на месец ноември, ***пристигнати се две пријави*** за заразно заболување варичела и инфективна мононуклеоза кај странски државјани од Република Хрватска и Словачка.

Во текот на 2025 година, регистрирани се вкупно 44 пријави за акутни заразни заболувања кај странски државјани. Регистрирани се 15 пријави на ентероколитис, 10 пријави за салмонелози, 10 пријави за бактериски алиментарни инфекции и интоксикации, 2 пријави за инфективна мононуклеоза и по една пријава за лајмска болест, туларемија, вирусен енцефалит, денга, туберкулоза, варичела и ХИВ/СИДА.

Според земјата од која доаѓаат, 10 лица од Србија, 10 лица се од Косово, 7 од Германија, 5 од Швајцарија, по 2 од Турција и Словачка и по еден случај од Бугарија, Грција, Италија, БиХ, Австрија, САД, Холандија и Хрватска.

***Оддел за епидемиологија на заразни заболувања***
***Институт за јавно здравје на РСМ***